РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

**БИРО ЗА СУДСКИ ВЕШТАЧЕЊА**

# ПРЕДЛОГ-БУЏЕТСКО БАРАЊЕ

# НА

# БИРО ЗА СУДСКИ ВЕШТАЧЕЊА

# 2018 - 2020 ГОДИНА

август 2017 година

Скопје

КРАТКА СОДРЖИНА:

I Опис на буџетски корисник..........2

IIОбразложение..........3

III Проекција на приходи за 2018 година..........3

IV Проекција на расходи за 2018 година..........4

1. Буџет за основни плати и придонеси за социјално осигурување (ставка 401 и 402)..........4
2. Буџет за патни и дневни расходи (ставка 420)..........5
3. Буџет за комунални услуги, греење,комуникација и транспорт (ставка 421)......6
4. Буџет за материјали и ситен инвентар (ставка 423)..........7
5. Буџет за поправки и тековно оддржување (ставка 424)..........7
6. Буџет за договорни услуги (ставка 425)..........9
7. Буџет за други тековни расходи (ставка 426)..........10
8. Буџет за разни трансфери (ставка 464)..........12
9. Буџет за купување на опрема и машини (ставка 480)..........12
10. Буџет за градежни објекти (ставка 481)..........13
11. Буџет за купување на мебел (ставка 483)..........14
12. Буџет за вложувања и нефинансиски средства (ставка 485)..........14
13. Буџет за купување на возила (ставка 486)..........14

V Табеларен приказ..........16

VI Графички приказ..........18

## I. ОПИС НА БУЏЕТСКИ КОРИСНИК

Бирото за судски вештачења (во понатамошен текст БСВ) е орган на државна управа во состав на Министерство за правда, со својство на правно лице. БСВ претставува единствен специјализиран буџетски орган кој врши вештачења, супер вештачења, експертизи и стручни анализи од сите области, меѓу кои најзастапени се: финансиско - материјално работење, градежништво и архитектура, машинство и сообраќај, земјоделство и електротехника, а за потребите на судовите и јавните обвинителства во Република Македонија, за потребите на државните органи, јавните претпријатија, трговските друштва основани од државата, физичките и правните лица и други субјекти.

БСВ ги врши и работите на процена согласно закон. Со измена на законот за процена, од ноември 2012 година, БСВ врши исклучиво процени за потребите на органите на државната управа, при што е должен во најкус можен рок да одговори стручно и совесно на барањата на државните органи.

Приоритети и цели на БСВ согласно Стратешкиот план за 2018-2020 година се:

1. Квалитетно, стручно и навремено изготвување на вештачења, супервештачења, процени и стручни анализи

    - Подобрување на квалитетот и професионалноста во изготвување на вештачења и процени,
    - Поголем придонес во навремено извршување на судските пресуди во граѓанска и кривична постапка,
    - Зајакнување на независноста, зголемување на ефикасноста и професионалноста на судството,
    - Бескомпромисна борба против корупцијата и криминалот и ефикасно спроведување на правото.

Вкупно остварените приходи на БСВ во 2017 година (заклучно месец јуни) изнесуваат 13.309.766 ден., додека пак вкупно остварените расходи (заклучно месец јуни) изнесуваат 19.916.297 ден.

## II. ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Предлог буџетското барање за 2018 година на БСВ со Раздел – 25001, претставува годишен план на приходи и расходи, кое опфаќа: планирани приходи од самофинансирачки активности (сметка 787); планирани расходи од основен буџет (сметка 637) и планирани расходи од самофинансирачки активности (сметка 787).

Предлог буџетско барање на БСВ (Раздел - 25001) за 2018 година:

| | |
|---|---|
| ВКУПНО ПРИХОДИ: | 50.000.000 |
| -Пренесен вишок на приходи од претходни години | 25.000.000 |
| -Приходи од самофинансирачки активности | 25.000.000 |
| ВКУПНО РАСХОДИ (Потпрограма 20 - Судски вештачења): | 43.480.000 |
| -Расходи на основен буџет | 21.500.000 |
| -Расходи од самофинансирачки активности | 21.980.000 |

Истото е изготвено во согласност со Насоките за подготовка на предлог буџетската пресметка за 2018 година од страна на Министерство за финансии на Република Македонија.

Имено, вкупно одобрениот буџет во 2017 година за сметка 637 и сметка 787 изнесува 42.884.000 ден., додека пак предлог буџетското барање во 2018 година за сметка 637 и сметка 787 изнесува 43.480.000 ден.

## III. ПРОЕКЦИЈА НА ПРИХОДИ ЗА 2018 ГОДИНА

### А. Приходи од самофинансирачки активности

Предлог буџетската пресметка на приходи од самофинансирачки активности (сметка 787) за 2018 год. изнесува 50.000.000 ден.

| | |
|---|---|
| ВКУПНО ПРИХОДИ: | 50.000.000 |
| -Пренесен вишок на приходи од претходни години | 25.000.000 |
| -Приходи од самофинансирачки активности | 25.000.000 |

БСВ остварува приходи по основ на извршени вештачења, супер вештачења, експертизи, стручни анализи и процени од разни области и тоа за потребите на судовите и јавните обвинителства во Република Македонија, за потребите на државните органи, јавните претпријатија, трговските друштва основани од државата, физичките и правните лица и за други субјекти.

БСВ во текот на 2017 год. (заклучно месец јуни) просечно месечно има примено 180 предмети за работа, за кои има остварено просечни месечни приходи од 2.000.000 ден.

Покрај горе наведените извори на приходи, БСВ остварува приходи и од организирање на стручни советувања согласно закон. Од 2014 до 2017 година БСВ во континуитет организираше четири стручни советувања за сообраќајно-технички вештачења, додека пак во подготовка е организирање на прво стручно советување од областа на финансиско - материјално работење. Согласно стратешките приоритети и цели на БСВ, во 2018 година ќе се продолжи со организирање на стручни советувања.

## IV. ПРОЕКЦИЈА НА РАСХОДИ ЗА 2018 ГОДИНА

1. Буџет за основни плати и придонеси за социјално осигурување (ставка 401 и 402):

А) Расходи на основен буџет – 19.000.000 ден.

Буџетот за основни плати и придонеси за социјално осигурување за 2018 година е проектиран во висина од 19.000.000 денари, од кои 73% за основни плати и 27% за придонеси за социјално осигурување. Пресметката за 2018 година содржи плати и надоместоци за:

- 38 административни службеници како редовно вработени, 2 лица како останати вработени и Директорот на БСВ како функционер;
- 7 работни места планирани да се пополнат преку унапредување во рамки на институцијата;
- 1 работно место планирано да се испразни преку објавување на трансфер листа за превземање во друга институција и
- 1 работно место со планирано заминување во пензија во октомври 2017 година.

Предлог буџетското барање за основни плати и придонеси за социјално осигурување за 2018 год. е проектирано на исто ниво како одобрениот буџет на соодветната ставка во 2017 год.

Во 2019 и 2020 година, расходите на конкретната ставка се проектирани на исто ниво.

2. Буџет за патни и дневни расходи (ставка 420):

А) Расходи од самофинансирачки активности - 800.000 ден.

На ставка 420-патни и дневни расходи планирани се расходи поврзани пред се со патни трошоци за вештачења, супер вештачења, експертизи, стручни анализи и процени. Вештите лица постојано остваруват патувања во земјата со цел: присуство на расправа, увид на лице место, закажани рочишта, обезбедување потребна документација за вештачење и тн. БСВ располага со 6 моторни возила кои секојдневно и рационално се распределуваат на вештите лица за непречно извршување на активностите. Значаен придонес во зголемување на патните расходи даваат процените за потребите на државните органи, меѓу кои влегуваат: процени на штети од поплави и други непогоди; процени за потребите на инфраструктурните проекти на државата (автопатишта, железнички пруги, технолошко индустриски развојни зони),процена на капитал на субјекти кои добиле концесии на минерални суровини при пренос на концесија на друг субјект; процена за потребите на одземен имот;процена при продажба и издавање под закуп на државен недвижен имот и процена при продажба на државно градежно и земјоделско земјиште.

Покрај патни расходи за патувања во земјата БСВ остварува и патни расходи за патувања во странство, како резултат на членувања во неколку меѓународни организации. БСВ како член на: Европската Асоцијација на проценители ТЕГоВА, ,меѓународната организација ACFE-Association of Certified Fraud Examiner и IVSC – меѓународна организација за стандардизација на проценките, има обврска да присуствува на годишни состаноци, семинари и конференции, а со цел едукација, професионална соработка и хармонизација на домашните стандарди за проценка со европската и меѓународната легислатива.

Во 2017 година, просечните месечни расходи на конкретната ставка изнесуваат 100.000 ден. (40.000 ден. за патарини и 70.000 ден. за други тошоци), при што истата динамика се очекува да се задржи и во 2018 година, поради што патните и дневните расходи се проектирани на износ од 800.000 ден.

Во 2019 и 2020 година, расходите на конкретната ставка се проектирани на исто ниво.

3. Буџет за комунални услуги, греење,комуникација и транспорт (ставка 421):

А) Расходи на основен буџет – 1.500.000 ден.

Б) Расходи од самофинансирачки активности - 2.500.000 ден.

На ставка 421-комунални услуги,греење,комуникација и транспорт планирани се расходи за: гориво за моторни возила, регистрација на 6 моторни возила, електрична енергија, пошта,телефон и интернет, комунална хигиена, парно, водовод и канализација. Просечните месечни режиски трошоци во 2017 год. изнесуваат 130.000 ден., од кои повеќе од 35% или околу 50.000 ден. се расходи само за гориво за потребата вештите лица да извршат вештачења, експертизи, супер вештачења и проценки низ цела територија на Р.М.

Предлог буџетското барање за ставка 421 во 2018 год. е планирано на скоро исто ниво како одобрениот буџет во 2017 год. Иако, процентот на реализација на буџетот заклучно месец јуни 2017 година изнесува 22% , истиот не ги пресликува реалните трошоци на конкретната ставка бидејќи се уште не се регулирани односите за сразмерна поделба на режиските трошоци,земјаќи во предвид дека БСВ од септември 2015 година се пресели во нови деловни простории кои му се доделени на трајно користење, односно во зградата на Македонска Радио Телевизија. Просториите кои се доделени на трајно користење се со двојно поголема површина од претходните простории (бараки), поради што се очекува поголемата површина да има влијание на повисоки расходи за електрична енергија и парно за кои БСВ заклучно месец јуни 2017 година се уште нема добиено фактури бидејќи во тек е склучување на Договор со Македонска Радио Телевизија согласно кој трошокот за електрична енергија и парно ќе се подели сразмерно помеѓу сите институции во рамките на Македонска Радио Телевизија. Со склучување на Договорот, трошоците на ставка 421 ќе бидат значително поголеми во однос на досегашните.

Во 2019 и 2020 година, расходите на конкретната ставка се проектирани на скоро исто ниво.

## 4.Буџет за материјали и ситен инвентар ( ставка 423):

А) Расходи од самофинансирачки активности - 800.000 ден.

На ставка 423-материјали и ситен инвентар планирани се расходи за: канцелариски материјали, материјали за АОП, ситен инвентар, средства за оддржување на хигиена и разни материјали за поправка. Предлог буџетското барање за ставка 423 во 2018 год. е планирано на исто ниво како одобрениот буџет во 2017 год.

Во 2019 и 2020 година, расходите на конкретната ставка се проектирани на исто ниво.

## 5. Буџет за поправки и тековно оддржување (ставка 424):

А) Расходи од самофинансирачки активности - 880.000 ден.

Предлог буџетското барање за ставка 424 во 2018 год. е планирано на малку повисоко ниво во однос на одобрениот буџет за ставка 424 во 2017 год., а согласно индикативниот план за јавни набавки средствата се планирани за: превентивно одржување на архивски и финансиско сметководствен софтвер, севисирање и одржување на службени патнички моторни возила и набавка на пневматици и одржување на постоечките компјутери и принтери

Најголем дел од буџетот на ставка 424 во период од втората половина на 2017 год. и првата половина од 2018 год. е планиран за поправки и одржување на мебел и опрема кои мора да се адаптираат на просториите кои му се доделени на БСВ на трајно користење, односно во зградата на Македонска Радио Телевизија.

Покрај буџетските потреби за поправки и одржување на мебел и опрема, на оваа ставка се планирани буџетски средства и за поправка и одржување на софтверска и хардверска опрема. Имено, БСВ користи современи софтверски апликации, меѓу кои и софтвер за пресметка на камати како и  лиценциран PC CRASH 8.3 3D софтвер единствен од ваков тип во државата за вештачење на сложени сообраќајни несреќи, исто така и отчитување на податоци од дигитални тахографи. Воедно, инсталирано е софтверско решение за архивско работење каде се пројавува потреба од постојано оддржување поради големиот број на евидентирани предмети и зголемиот обем на работа, како и софтверско решение за финансиско работење кое има потреба од постојано одржување и адаптирање на

законски измени, пред се на измените во даночните регулативи и трезорското работење.

Во 2019 и 2020 година, расходите на конкретната ставка се проектирани на исто ниво.

6. Буџет за договорни услуги (ставка 425):

А) Расходи на основен буџет – 1.000.000 ден.

Б) Расходи од самофинансирачки активности – 10.100.000 ден.

Предлог буџетското барање за 2018 год. на ставка 425, сметка на основен буџет 637 изнесува 1.000.000 ден. Овие средства исклучиво се предвидени за исплата на надомест за извршено вештачење или процена само од надворешни соработници, а по одлуки и задолженија на Владата на Република Македонија за вршење на вештачења или процени од страна на БСВ. Имено, доколку Владата на Република Македонија го задолжи БСВ да изврши вештачења или процени од области за кои БСВ не располага со внатрешно вработени вешти лица или проценители, потребно е да се ангажираат надворешни соработници со кои БСВ има склучено договор за услуги. Согласно Член 43-ј од Закон за изменување и дополнување на законот за вештачење (Сл.Весник бр.43/2014), БСВ има обврска да им исплати надоместок на надворешните соработници. Во 2017 год. БСВ не располага со одобрен буџет на ставка 425, сметка на основен буџет 637, иако согласно Извадок од Нацрт-записникот од Седумдесет и четвртата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 15.05.2015 год. Министерство за финансии беше задолжено во ребалансот на Буџетот на Република Македонија за 2015 год. да предвиди на сметката на основен буџет 637 на БСВ, средства на ставка 425, како и да се продолжи со истата динамика во иднина.

Предлог буџетското барање за 2018 год. на ставка 425, сметка на самофинансирачки активности 787 изнесува 10.100.000 ден. Најголем дел од расходите на ставка 425 се однесуваат на расходи за исплата на надомест на надворешни соработници со кои БСВ има склучено договор за услуги, односно надомест за извршено вештачење, супер вештачење или процени.

БСВ располага со 26 редовно вработените вешти лица специјализирани во одредени области. Доколку БСВ прими предмети со особено сложена содржина, доколку вработените лица се веќе ангажирани или пак доколку е потребно да се вештачи од одредена специфична област (медицина, графологија, електротехника и др.), БСВ има право да ангажира надворешни соработници, согласно закон.

Во буџетската пресметка за 2018 год. на конкретното конто од сметката на самофинансирачки активности предвидени се 10.100.000 ден. кои опфаќаат:

-просечен месечен надомест за исплата на надворешни соработници во износ од 600.000 ден. или 7.200.000 ден. на годишно ниво;

-просечен месечен надомест за исплата на персонален данок на доход за ангажирање на надворешните соработници, согласно закон, во износ 800.000 ден. на годишно ниво;

-услуги за осигурување, во износ од 300.000 ден.;

-здравствени услуги (систематски преглед), во износ од 100.000 ден.;

-услуги за изнајмување на нови-неупотребувани мултифункционални апарати (копир, принер, скенер), во износ од 300.000 ден. и

- други договорни услуги.

Во 2019 и 2020 година, расходите на конкретната ставка се проектирани на пониско ниво.

7. Буџет за други тековни расходи (ставка 426):

А) Расходи од самофинансирачки активности - 4.100.000 ден.

Предлог буџетското барање за ставка 426 во 2018 год. е планирано на исто ниво како одобрениот буџет во 2017 год.

Најголем дел од расходите на ставка 426 се однесуваат на расходи за исплата на даночен долг согласно даночна пријава на данок на додадена вредност.

Како квартален даночен обврзник, БСВ има обврска до 25ти во месецот да го пријави и уплати даночниот долг за претходниот квартал, согласно закон. Просечниот квартален даночен долг во 2017 год. (заклучно месец јуни) изнесува 600.000 ден. при што во 2018 год. се очекува да изнесува вкупно околу 2.500.000 ден. на годишно ниво.

Останатите средства на ставка 426 се однесуваат за следните расходи:

-Членување во меѓународни организации, во вкупен износ од 240.000 ден.:

Моментално БСВ е член на: Европската Асоцијација на проценители ТЕГоВА, меѓународната организација ACFE-Association of Certified Fraud Examiner и

меѓународата организации IVSC-International valuation standards committee. Просечните годишни расходи за членување во меѓународните организации изнесува 180.000 ден. Исто така, БСВ во 2018 год. планирана зачленување во меѓународни асоцијации за вештаци и проценители од областа на машинство и сообраќајот, во износ од 60.000 ден. БСВ се стреми кон членување и во нови меѓународни организации како European Association for Accident Research and Analysis и сл, а со цел едукација, професионална соработка и хармонизација на домашните стандарди за проценка со европската и меѓународната легислатива.

-Хотелски и угостителски услуги за организирање на конференции, во вкупен износ од 400.000 ден.:

Во предлог буџетското барање за 2018 год. на конкретното конто предвидени се околу 400.000 ден. за организирање на конференции. Од 2014 до 2017 година БСВ во континуитет организираше четири стручни советувања за сообраќајно-технички вештачења, додека пак во подготовка е организирање на прво стручно советување од областа на финансиско - материјално работење. Согласно стратешките приоритети и цели на БСВ, во 2018 година ќе се продолжи со организирање на стручни советувања.

-Изработка на промотивен материјал, во вкупен износ од 350.000 ден.

-Годишна членарина за сите редовно вработени вешти лица и проценители во Комора на вештаци на РМ и Комора на проценители на РМ, согласно закон, а во вкупен износ од 200.000 ден.,

-Надградба и одржување на веб страна, во вкупен износ од 60.000 ден.

- Објавување на огласи и сл.во печатени медиуми-дневен печат на македонски и албански јазик, во вкупен износ од 150.000 ден.

-Присуство на семинари и конференции, во вкупен износ од 60.000 ден. и

-Други оперативни расходи.

Во 2019 и 2020 година, расходите на конкретната ставка се проектирани на скоро исто ниво.

8. Буџет за разни трансфери (ставка 464):

А) Расходи од самофинансирачки активности - 300.000 ден.

Согласно извадок од нацрт-записнкиот од сто четириесет и третата седница на Владата на Р.М., одржана на 29.06.2013 год., Владата ја разгледа и усвои Информацијата за стипендирање на вешти лица и асистенти на вешти лица на БСВ за судски вештачења за 2013-2016 год.

Поради специфичноста на задачите и работата на БСВ, потребно е постојано надградување на вештите лица, при што БСВ одлучи да обучи по 3 веши лица на годишно ниво преку доделување стипендии на постдипломски студии во соработка со Универзитетите во Р.М. во период 2013-2016 год.

Предлог буџетското барање за 2018 год. на ставка 424 е на скоро исто ниво од одобрениот буџет во 2017 год., земајќи во предвид дека откако се завршија предавањата во предвидениот период 2013-2016 во следниот период се очекува бранење на магистерски трудови.

Посдипломските студии се во насока на остварување на стратешките приоритети и цели на БСВ, при што БСВ ќе се труди да ја продолжи оваа пракса и во следните години.

9. Буџет за купување на опрема и машини (ставка 480):

А) Расходи од самофинансирачки активности – 900.000 ден.

Предлог буџетското барање за 2018 год. на ставка 480 изнесува 900.000 ден., односно е планирано на повисоко ниво од одобрениот буџет во 2017 год., земајќи во предвид дека искористеноста на одобрениот буџет во 2017 год. заклучно месец јули изнесува 100%. Предлог буџетското барање е во насока на остварување на стратешките приоритети и цели на БСВ, односно за формирање на нови лаборатории за економски, градежни и машинско-сообраќајни вештачења. Овие лабаратории потребно е соодветно да се опремат, со цел:

-подобрување на работата на одделенијата за економски и градежни вештачења, формирање на ново одделение за машински вештачења кое досега функционира заедно со одделението за сообраќајни вештачења;

-зголемување на ефикасноста во извршувањето на работата на одделенијата за економски и градежни вештачења со помош на современа софтверска поддршка и соодветна опрема за опремување на новите лаборатории;

-спречување на злоупотреба на платежни картици и др.

На ставка 480 планирани се расходи за набавка на машини и опрема неопходна за извршување на специфични вештачења од техничката област, посебно од областа на градежништво, архитектура и сообраќај, како и набавка на современа информатичка опрема со цел изготвување високо квалитетни вешти наоди и мислења. Предлог буџетското барање содржи средства за набавка на:

-универзален мерен уред за мерење на напон и струја (Унимер), повеќе функционален инструмент за мерење Eurotest 65557 (отпор на заштитно заземјување, отпор на изолација на кабли, континуитет, испитување на ФИД склопки, осветлување), уреди за ласерско мерење и прикажување на должински мерки, уред за мерење на наклони за површина, либели и др. стручна опрема во вкупен износ од 300.000 ден. и

- набавка на компјутери и принтери во вкупен износ од 600.000 ден.

Во 2019 и 2020 година, расходите на конкретната ставка се проектирани на пониско ниво.

10. Буџет за градежни објекти (ставка 481):

А) Расходи од самофинансирачки активности – 400.000 ден.

Предлог буџетското барање за 2018 год. на ставка 481 изнесува 400.000 ден. и истото е планирано на многу пониско ниво во однос на одобрениот буџет за соодветната ставка во 2017 год. Средствата се проектирани за дореализација на втора фаза од градежно занаетчиски работи за просториите кои му се доделени на трајно користење на БСВ, односно за деловните простории во зградата на Македонска Радио Телевизија.Во 2016 година се реализираа завршните времени ситуации од првата фаза на градежно занаетчиски работи. Втората фаза започна да се реализира во 2017 год. бидејќи постоеа спорни простории со опрема на други институции кои во месец јули 2016 год. се дислоцирани при што се ослободи простор за довршување на градежно занаетчиски работи и истата е планирано да се заврши во 2018 год.

Во 2019 и 2020 година, расходи на конкретната ставка не се проектирани.

**11. Буџет за купување на мебел (ставка 483):**

А) Расходи од самофинансирачки активности – 200.000 ден.

Предлог буџетското барање за 2018 год. на ставка 483 изнесува 200.000 ден. Средствата се проектирани за доопремување со мебел на деловните простории во зградата на Македонска Радио Телевизија, во рамки на втората фаза на градежно занаетчиски работи.

Во 2019 и 2020 година, расходи на конкретната ставка не се проектирани.

**12. Буџет за вложувања и нефинансиски средства (ставка 485):**

А) Расходи од самофинансирачки активности –200.000ден.

Предлог буџетското барање за ставка 485 во 2018 год. изнесува 200.000 ден. и истото се однесува на набавка на:

-компјутерски софтвер за пресметка на плати и камати за потребата од решавање на предмети за вештачење и процени каде има потреба да се пресметуваат плати и разни видови на камати (законски-затезни, договорни, банкарски и др.).

Во 2019 и 2020 година, расходите на конкретната ставка се проектирани на пониско ниво.

**13. Буџет за купување на возила (ставка 486):**

А) Расходи од самофинансирачки активности – 800.000 ден.

Согласно Нацрт-записникот од Сто и шеесеттата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 01.10.2013 година, се задолжува Министерството за финансии во континуитет од пет години (2014-2018) да одобри средства на сметката за самофинансирачки активности на ставка 486-купување на возила, согласно предлог буџетското барање на БСВ.

Во 2014 година, БСВ набави 4 моторни возила согласно договор за лизинг, на одложено плаќање (5 години). Проектираниот износ од 800.000 ден. покрај вредноста на возилата поделена на 12 месечни рати, содржи и надомест за лизинг и данок.

Во 2019 год. е планирано подмирување на обврските согласно договорите за лизинг,при што во 2020 год. расходи на конкретната ставка не се проектирани.

ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ

| *ПРЕДЛОГ БУЏЕТСКО БАРАЊЕ - 25001 БИРО ЗА СУДСКИ ВЕШТАЧЕЊА* | | | | |
|---|---|---|---|---|
| КОНТО | ОПИС | БУЏЕТ | | |
| | | 2018 год. | 2019 год. | 2020 год. |
| 1. СМЕТКА 637 | | | | |
| 401 | Основни плати | 13.870.000 | 13.870.000 | 13.870.000 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 5.130.000 | 5.130.000 | 5.130.000 |
| 421 | Комунални услуги,греење,комуникација и транспорт | 1.500.000 | 2.000.000 | 2.000.000 |
| 425 | Договорни услуги | 1.000.000 | 1.000.000 | 1.000.000 |
| ВКУПНО ЗА СМЕТКА 637: | | 21.500.000 | 22.000.000 | 22.000.000 |
| 2. СМЕТКА 787 | | | | |
| 420 | Патни и дневни расходи | 800.000 | 800.000 | 800.000 |
| 421 | Комунални услуги,греење,комуникација и транспорт | 2.500.000 | 2.500.000 | 2.500.000 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 800.000 | 800.000 | 800.000 |
| 424 | Поправки и тековно оддржување | 880.000 | 880.000 | 880.000 |
| 425 | Договорни услуги | 10.100.000 | 9.500.000 | 9.000.000 |
| 426 | Други тековни расходи | 4.100.000 | 4.000.000 | 4.000.000 |
| 464 | Разни трансфери | 300.000 | 300.000 | 300.000 |
| 480 | Купување на опрема и машини | 900.000 | 400.000 | 200.000 |
| 481 | Градежни објекти | 400.000 | 0 | 0 |
| 483 | Купување на мебел | 200.000 | 0 | 0 |
| 485 | Вложувања и нефинансиски средства | 200.000 | 60.000 | 60.000 |
| 486 | Купување на возила | 800.000 | 200.000 | 0 |
| ВКУПНО ЗА СМЕТКА 787: | | 21.980.000 | 19.440.000 | 18.540.000 |
| 3. ЗБИРНО 637 И 787 | | | | |
| 401 | Основни плати | 13.870.000 | 13.870.000 | 13.870.000 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 5.130.000 | 5.130.000 | 5.130.000 |
| 420 | Патни и дневни расходи | 800.000 | 800.000 | 800.000 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 421 | Комунални услуги,греење,комуникација и транспорт | 4.000.000 | 4.500.000 | 4.500.000 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 800.000 | 800.000 | 800.000 |
| 424 | Поправки и тековно оддржување | 880.000 | 880.000 | 880.000 |
| 425 | Договорни услуги | 11.100.000 | 10.500.000 | 10.000.000 |
| 426 | Други тековни расходи | 4.100.000 | 4.000.000 | 4.000.000 |
| 464 | Разни трансфери | 300.000 | 300.000 | 300.000 |
| 480 | Купување на опрема и машини | 900.000 | 400.000 | 200.000 |
| 481 | Градежни објекти | 400.000 | 0 | 0 |
| 483 | Купување на мебел | 200.000 | 0 | 0 |
| 485 | Вложувања и нефинансиски средства | 200.000 | 60.000 | 60.000 |
| 486 | Купување на возила | 800.000 | 200.000 | 0 |
| ВКУПНО ЗА СМЕТКИ 637 И 787: | | 43.480.000 | 41.440.000 | 40.540.000 |

VI. А) Предлог буџетско барање на приходи и расходи од самофинансирачки активности за 2018 година



Б) Предлог буџетско барање за 2018 година по класификација на расходи




Изработил: Милена Николовска

Контролирал: Мирослав Ристиќ

Бр.____________________

__.__.2017 година

в.д. Директор

Скопје

Irfan Odai